# ОПШТА ДОВЕРБА И ДОВЕРБА ВО ИНСТИТУЦИИТЕ 2021

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка

**За издавачот**
Александар Кржаловски, в.д. Директор

**Автор**
Фанија Ивановска

**Дизајн и подготовка**
Борис Ристовски, МЦМС

ISBN 978-608-4848-45-5
Скопје, јуни 2022 г.

**Контакт**

**МЦМС**, адреса: ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје;
Тел. +389/2/3065-381;
е-пошта: mcms@mcms.mk;
Веб-страница: www.mcms.mk.
Scribd: https://www.scribd.com/people/documents/2996697;
SlideShare https://www.slideshare.net/mcms_mk
Facebook: https://www.facebook.com/mcms.mk;
Twitter: https://twitter.com/mcms_mk

**Цивика мобилитас**,
е-пошта: helpdesk@civicamobilitas.mk;
веб-страница: https://www.civicamobilitas.mk/mk/;
Facebook: https://www.facebook.com/civicamobilitas/

Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската амбасада, кој го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската амбасада или организациите што ја спроведуваат.
**МЦМС**
Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.
Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина

Вовед ........ 3
Методологија и пристап ........ 3
    Прашалник ........ 3
    Примерок ........ 3
    Обработка и прикажување на резултатите ........ 3
1. Индекси ........ 5
2. Општа доверба ........ 6
3. Доверба во институциите ........ 9
    3.1 Доверба во државен сектор ........ 11
    3.2 Доверба во меѓународна заедница ........ 13
4. Доверба во професии ........ 16
5. Заклучоци ........ 18
Прилог 1. Прашалник ........ 19
Прилог 2. Структура на примерокот ........ 21
Профил на издавачот ........ 22
Продолжи со читање ........ 22

# Вовед

Довербата е клучна компонента на социјалниот капитал. Во досегашните истражувања, а и во ова, МЦМС разгледуваше три аспекти: општата доверба во луѓето (што вклучува доверба во сличните на себе, како соседи, колеги, сонародници, но исто така и во непознати лица) и довербата во институциите (формални институции на владеење во општеството). Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија“, кои се однесуваат на општата довербата и довербата во институциите, а која беше спроведена по деветти пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија. Целта на истражувањето беше да се испита довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество.

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со телефонска анкета на национален репрезентативен примерок од 1007 испитаници во периодот од 10 до 23 ноември 2021 година.

## *Прашалник*

Поголем дел од прашањата се засновани на искуствата и глобалните истражувања за социо-културните норми: Европската студија на вредности; Европскиот барометар; и Цивикус - Индексот на граѓанското општество. Другиот дел од прашањата се од претходните истражувања на МЦМС, кои ја испитуваа довербата и општествената одговорност на граѓаните.

## *Примерок*

Анкетата беше спроведена во ноември 2021 година, на репрезентативен примерок од 1.007 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1.007 испитаници, 50,1% беа жени, а 49,7% мажи. Во однос на етничката застапеност етничките Македонци беа застапени со 70,7%, етничките Албанци со 24,2%, другите етнички групи беа застапени со 4,9%. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 34,4%, додека градската со 38,0%, а градот Скопје со 27,6%. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

## *Обработка и прикажување на резултатите*

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95% и со грешка од +/- 3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Исто така се прикажани покрај бројките и трендовите во однос на претходното истражување спроведено во 2018 г., за оние податоци кои се споредливи со нив. Легендата на симболите за трендовите е во извршното резиме. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси. Легендата на симболите е следна:

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0 – 3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01 – 5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01 –10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# 1. Индекси

| Општа доверба | 2021 | 2021-2018 | | 2018 | 2018-2016 | | 2016 | 2016-2015 | | 2015 | | 2015-2013 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе | **59,0** | ↑↑ | 5,2 | 53,8 | ↔ | 0,8 | 53,0 | ↔ | 0,2 | 52,8 | | -3,2 | 56,0 |
| Соседи | **66,5** | ↓ | -3,6 | 70,1 | ↑↑ | 8,8 | 61,3 | ↓↓↓ | -12,0 | 73,3 | | 5,3 | 68,0 |
| Колеги | **56,2** | ↑↑↑ | 10,0 | 46,2 | ↔ | -3,0 | 49,2 | ↔ | -1,5 | 50,7 | | -0,9 | 51,6 |
| Сонародници | **40,9** | ↓↓ | -5,2 | 46,1 | ↑ | 5,2 | 40,9 | ↓↓ | -6,6 | 47,5 | | 0,2 | 47,3 |
| Непознати | **24,9** | ↑↑ | 8,7 | 16,2 | ↓ | -3,7 | 19,9 | ↓ | -4,9 | 24,8 | | 6,5 | 18,3 |
| **Доверба во институциите** | **2021** | **2021-2018** | | **2018** | **2018-2016** | | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | | **2015-2013** | **2013** |
| Држава (јавен сектор) | **46,8** | ↔ | 0,2 | 46,6 | ↔ | 1,2 | 45,4 | ↔ | 1,9 | 43,5 | ↓ | -4,0 | 47,5 |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | **53,8** | ↑↑ | 8,2 | 45,6 | ↓↓ | -6,1 | 51,7 | ↑↑ | 5,2 | 46,5 | ↔ | -1,2 | 47,7 |
| Граѓански (невладин) сектор | **51,6** | ↑↑ | 8,3 | 43,3 | ↓ | -5,0 | 48,3 | ↔ | 1,0 | 47,3 | ↓↓ | -6,9 | 54,2 |
| Политички партии | **36,2** | ↑↑↑ | 13,4 | 22,8 | ↓↓ | -8,5 | 31,3 | ↓ | -4,1 | 35,4 | ↑↑ | 7,5 | 27,9 |
| Медиуми | **52,9** | ↑↑↑ | 11,8 | 41,1 | ↑↑ | 5,4 | 35,7 | ↓↓ | -5,3 | 41,0 | ↑ | 3,6 | 37,4 |
| Меѓународна заедница | **46,2** | ↑↑↑ | 11,1 | 35,1 | ↓ | -4,4 | 39,5 | ↓↓ | -5,8 | 45,3 | ↔ | 1,8 | 43,5 |
| Банки и финансиски институции | **58,4** | ↑↑↑ | 10,5 | 47,9 | ↔ | -2,6 | 50,5 | ↓↓ | -6,1 | 56,6 | ↔ | | 56,3 |
| **Индекс на доверба во институциите** | **49,4** | ↑↑ | **9,1** | **40,3** | ↔ | **-2,9** | **43,2** | ↔ | **-1,9** | **45,1** | ↔ | | **44,9** |
| **Доверба во државниот сектор** | **2021** | **2021-2018** | | **2018** | **2018-2016** | | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | | **2015-2013** | **2013** |
| Претседател на РСМ | **50,0** | ↔ | 1,6 | 48,4 | ↔ | 0,4 | 48,0 | ↔ | 1,1 | 46,9 | ↓↓ | -9,9 | 56,8 |
| Собрание на РСМ | **40,9** | ↑↑ | 7,8 | 33,1 | ↓ | -5,4 | 38,5 | ↔ | 0,5 | 38,0 | ↓ | -3,9 | 41,9 |
| Влада на РСМ | **38,9** | ↔ | 0,6 | 38,3 | ↔ | -0,9 | 39,2 | ↔ | 0,7 | 38,5 | ↓ | -4,0 | 42,5 |
| Локална самоуправа | **47,3** | ↑↑ | 5,6 | 41,7 | ↔ | 2,6 | 39,1 | ↓ | -5,1 | 44,2 | ↓↓ | -6,2 | 50,4 |
| Правосудство на РСМ | **35,1** | ↑↑↑ | 10,9 | 24,2 | ↓↓ | -9,1 | 33,3 | ↑ | 4,4 | 28,9 | ↓↓↓ | -12,6 | 41,5 |
| Јавно обвинителство | **35,6** | ↑↑↑ | 10,1 | 25,5 | ↓↓ | -6,1 | 31,6 | ↔ | 1,2 | 30,4 | | | |
| Армија на РСМ | **60,8** | ↓↓ | -8,9 | 69,7 | ↑↑ | 6,3 | 63,4 | ↔ | -1,2 | 64,6 | ↔ | -0,2 | 64,8 |
| Полиција на РСМ | **58,8** | ↔ | 2,7 | 56,1 | ↓ | -4,1 | 60,2 | ↑ | 3,6 | 56,6 | ↓↓ | -8,7 | 65,3 |
| Државна комисија за спречување на корупција | **39,2** | ↑↑↑ | 22,8 | 16,4 | ↓↓↓ | -11,4 | 27,8 | ↔ | -1,9 | 29,7 | | | |
| Управа за безбедност и контраразузнавање | **50,0** | | | | | | | | | 28,8 | | | |
| Специјално јавно обвинителство | | | | 42,9 | ↔ | 0,6 | 42,3 | | | | | | |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | **54,7** | ↑↑↑ | 24,4 | 30,3 | ↔ | 1,3 | 29,0 | | | | | | |
| Државна изборна комисија | **43,6** | ↑↑↑ | 16,2 | 27,4 | ↓↓↓ | -14,9 | 42,3 | | | | | | |
| **Индекс на доверба во институциите** | **46,2** | ↑↑ | **8,5** | **37,8** | ↓ | **-3,4** | **41,2** | | | **45,8** | | **-10,2** | **56,0** |
| **Доверба во меѓународната заедница** | **2021** | **2021-2018** | | **2018** | **2018-2016** | | **2016** | **2016-2015** | | **2015** | | **2015-2013** | **2013** |
| Европска Унија | **57,2** | ↔ | 2,8 | 54,4 | ↔ | 1,8 | 52,6 | ↓↓ | -7,8 | 60,4 | ↑ | 4,6 | 55,8 |
| Совет на Европа | **53,8** | | | | | | | | | | | | |
| Обединети нации | **54,4** | ↔ | -0,9 | 55,3 | ↔ | -1,3 | 56,6 | ↓↓ | -9,2 | 65,8 | ↑↑ | 7,0 | 58,8 |
| НАТО | **38,3** | ↓↓↓ | -11,7 | 50,0 | ↔ | -1,9 | 51,9 | ↓↓↓ | -12,1 | 64,0 | ↑↑ | 7,7 | 56,3 |
| ОБСЕ | **38,4** | ↓↓↓ | -11,9 | 50,3 | ↔ | 1,3 | 49,0 | ↓↓ | -8,6 | 57,6 | | 57,6 | |
| **Индекс на доверба во меѓународна заедница** | **48,4** | ↓↓ | **-5,4** | **52,5** | ↔ | **0,0** | **52,5** | ↓↓ | **-8,0** | **60,5** | | **3,6** | **57,0** |

# 2. Општа доверба

Првиот дел од истражувањето се однесува на довербата општо во луѓето, како и довербата во различни групи луѓе, како што се соседите, колегите, сонародниците и непознатите. Во 2021 г., мнозинство од испитаниците, односно 59,0% одговориле дека имаат целосна или делумна доверба во луѓето (графикон 1). Во споредба со податоците добиени во 2018 г., може да се забележи умерен пораст на општата доверба во луѓето (5,2 пп).

Довербата во луѓето кои ги познаваме, како што се соседите (66,5%) и колегите на работа (56,2%) е исто така мнозинска. Во однос на податоците од 2018 г., има пораст кај довербата во колегите (10,0 пп).

Кон непознатите луѓе (туѓинци) големо мнозинство од испитаниците одговориле дека немаат доверба (71,1%), а мнозинство од испитаниците одговориле дека немаат доверба во нивните земјаци, односно сонародници (57,1%). Споредено со податоците од 2018 г. има  умерено зголемување во довербата кон туѓинците (8,7 пп).




*Графикон 1 - Доверба во луѓето (%)*

Во овој дел, разликата во одговорите за довербата во луѓето, помеѓу етничките Албанци и етничките Македонци. Па така, големо мнозинство од етничките Албанци одговориле дека имаат целосна или делумна доверба во луѓето (74,6%). Довербата во луѓето е за 20,1 пп пониска кај испитаниците етнички Македонци (54,5%).

Покрај довербата во луѓето, етничките Албанци, во споредба со етничките Македонци, имаат поголема доверба и во соседите (77,9%), колегите на работа (68,9%), сограѓаните (45,9%) и туѓинците (41,4%). Етничките Македонци најголема доверба имаат во соседите (61,8%).

| | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
|---|---|---|
| | Целосна/ делумна доверба | |
| Општо во луѓето | 54,5 | 74,6 |
| Во соседите | 62,8 | 77,9 |
| Во колегите на работа | 53,1 | 68,9 |
| Во земјаци (сограѓани) | 40,2 | 45,9 |
| Во непознати (туѓинци) | 19,9 | 41,4 |

*Табела 1 - Доверба во луѓето кај етничките Македонци и етничките Албанци*

Разлики во одговорите за доверба во луѓето можат да се забележат и во однос на возраста на испитаниците. Податоците на истражувањето покажуваат дека со зголемување на возраста се намалува и довербата општо во луѓето, во соседите и во колегите на работа. Па така, 66,5% од испитаниците на возраст од 18 до 29 години одговориле дека имаат доверба во луѓето, а речиси 16 пп помалку од возрасната популација над 65 години го делат тој став.

Друга разлика во однос на одговорите на ова прашање се јавува и помеѓу граѓаните кои сметаат дека припаѓаат во висока, односно висока средна класа и152 пониска класа. Граѓаните од високата и високо средната класа имаат поголема доверба општо во луѓето, во соседите и во земјаците од оние кои сметаат дека припаѓаат во пониска класа.

Значителни разлики во однос на довербата во луѓето се јавуваат и кога податоците се анализираат низ призма на политичкото симпатизерство на испитаниците. Испитаниците кои се симпатизери на ДУИ имаат значително повисока доверба општо во луѓето (81,6%), во соседите (84,5%), во колегите на работа (77,7%) и во туѓинците (46,6%), во споредба со симпатизерите на политичките партии во македонскиот блок. Во македонскиот блок може да се забележи разлика во довербата во луѓето помеѓу симпатизерите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Па така, симпатизерите на СДСМ (75,7%) имаат повисока доверба во споредба со симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (53,3%). Симпатизерите на СДСМ имаат поголема доверба и во соседите, во колегите на работа, во туѓинците и во земјаците.

На прашањето „Дали сметате дека луѓето би ве искористиле или ќе се обидат да бидат чесни кон вас?", големо мнозинство од испитаниците одговориле дека кон луѓето треба да се биде многу внимателен (85,4%). Забележлив е благ пораст на испитаниците кои го делат овој став споредбено со 2018 г., кога 77,8% одговориле дека кон луѓето треба да се биде внимателен. Мало малцинство од испитаниците сметаат дека можат да им веруваат на повеќето луѓе (11,8%).




*Графикон 2 - Внимателност кон другите луѓе (%)*

Општата довербата во луѓето е испитана и преку уште едно прашање кое се однесува на чесното постапување наспроти искористувањето на другите луѓе. Од податоците на графикон 3, повторно може да се забележи дека големо мнозинството од испитаниците сметаат дека повеќето од луѓето би се обиделе да ги искористат (79,0%). Наспроти нив, мало малцинство сметаат дека луѓето би се обиделе да постапат чесно (20,7%).




*Графикон 3 - Повеќето луѓе би ве искористиле, доколку имаат можност за тоа наспроти повеќето луѓе би се обиделе да постапат чесно (%)*

# 3. Доверба во институциите

Граѓаните во 2021 г. најголема, односно мнозинска доверба имале во банките и финансиските институции (58,4%), приватниот (бизнис/деловен) сектор (53,8%), граѓанското општество (НВО, синдикати, цркви) (51,6%) и медиумите (52,9%). Додека пак, најниска доверба граѓаните изразиле кон политичките партии (36,2%).

Споредбено со резултатите добиени во 2018 г., може да се забележи зголемување на довербата на граѓаните во институциите. Најголем раст бележи довербата кон политичките партии (13,4 пп), потоа медиумите (11,8 пп), веднаш потоа се меѓународната заедница (11,1 пп) и банките и финансиските институции (10,5 пп). Умерено зголемување на довербата има и кон граѓанскиот (невладин сектор) (8,3 пп) и деловниот сектор (8,2 пп). Довербата на граѓаните во државата, односно јавниот сектор е речиси непроменета. Индексот на доверба во институциите е умерено зголемен.




*Графикон 4 - Доверба во институциите (%)*

Повторно, врз нивото на доверба во институциите влијание имала етничката припадност на испитаниците. Според податоците претставени во табела 2, може да се забележи дека етничките Албанци, споредбено со етничките Македонци, имаат поголема и мнозинска доверба во речиси сите институции. Помеѓу овие две етнички групи, најголеми се разликите во довербата во политичките партии (29,5 пп), јавниот сектор, односно државата (28,6 пп) и граѓанското општество (20,2 пп). Довербата на етничките Македонци, е поголема единствено во медиумите.

| Институции | Етнички Македонци | Етнички Албанци |
|---|---|---|
| | Целосна/ делумна доверба | |
| Јавен сектор (држава) | 39,9 | 68,4 |
| Приватниот (бизнис/деловен) сектор | 50,6 | 68,0 |
| Граѓанско општество | 47,5 | 67,6 |
| Политичките партии | 29,1 | 58,6 |
| Медиумите | 54,6 | 49,2 |
| Меѓународната заедница | 42,0 | 59,4 |
| Банки и финансиски институции | 56,6 | 64,8 |

*Табела 2 - Доверба во институциите кај етничките Македонци и етничките Албанци (%)*

И возраста на испитаниците имала влијание врз одговорите на ова прашање. Па така, испитаниците на возраст од 18 до 29 години во споредба со оние на возраст над 65 години, имаат поголема доверба во јавниот сектор, приватниот сектор, граѓанското општество, политичките партии, меѓународната заедница и банките. Најголемата разлика помеѓу овие две групи на испитаниците се забележува во довербата во меѓународната заедница која се движи од 55,9% кај испитаниците на возраст од 18 до 29 години, до 32,4% кај испитаниците над 65 години. Единствено, довербата во медиумите е поголема кај испитаниците на возраст над 65 години (58,7%) во споредба со оние на возраст од 18 до 29 години (50,2%).

Разлики во одговорите на прашањето поврзано со довербата во институциите можат да се забележат и во однос на класите во кои испитаниците сметаат дека припаѓаат. Според податоците претставени во табела 3, испитаниците кои за себе сметаат дека припаѓаат во висока и повисока средна класа имаат поголема доверба во институциите во споредба со оние кои сметаат дека припаѓаат во пониска класа. Најголемата разлика може да се забележи кај политичките партии, во кои 48,8% од припадниците на повисоката средна класа, а 19,0% од припадниците на пониската класа одговориле дека имаат доверба. Единствените институции каде довербата е повисока кај пониската класа се медиумите (58,7%).

| **Институции** | **Висока класа** | **Повисока средна класа** | **Пониска средна класа** | **Работ-ничка класа** | **Пониска класа** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Целосна/ делумна доверба** | | | | |
| Јавен сектор (држава) | 55,5 | 56,0 | 44,0 | 48,3 | 26,3 |
| Приватниот (бизнис/деловен) сектор | 55,9 | 61,8 | 54,5 | 54,2 | 40,8 |
| Граѓанско општество | 59,0 | 56,5 | 50,8 | 52,2 | 36,9 |
| Политичките партии | 40,5 | 48,8 | 36,6 | 33,5 | 19,0 |
| Медиумите | 50,2 | 51,7 | 50,3 | 54,7 | 58,7 |
| Меѓународната заедница | 55,9 | 53,6 | 41,4 | 44,3 | 32,4 |
| Банки и финансиски институции | 64,3 | 63,3 | 58,1 | 56,7 | 47,5 |

*Табела 3 - Доверба во институциите кај различните класи (%)*

Позначителни разлики се јавуваат и од аспект на симпатизерството на одредена политичка партија, па така симпатизерите на ДУИ имаат поголема доверба во најголем број од институциите, во споредба со симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ (табела 4). Симпатизерите на ДУИ, најголема доверба имаат во граѓанското општество (НВО, синдикати, цркви)- 79,6%. Медиумите се единствените институции во кои поголема доверба изразиле симпатизерите на СДСМ (67,1%), а по нив се симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ (58,8%).

| Институции | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|
| | Целосна/делумна доверба | | |
| Јавниот сектор (државата) | 42,2 | 71,3 | 74,8 |
| Приватниот (бизнис/деловен) сектор | 54,3 | 71,3 | 74,8 |
| Граѓанско општество (НВО, синдикати, цркви) | 57,8 | 68,5 | 79,6 |
| Политичките партии | 36,7 | 58,7 | 73,8 |
| Медиумите | 58,8 | 69,9 | 52,4 |
| Меѓународната заедница | 44,7 | 67,1 | 68,0 |
| Банки и финансиски институции | 60,8 | 74,8 | 77,7 |

*Табела 4 - Довербата во институции по симпатизерство на политички партии (%)*

## 3.1 Доверба во државен сектор

Со цел да се истражи довербата во државата, испитаниците беа прашани за нивната доверба во основните институции кои ја сочинуваат, како што се Претседател, Собрание, Влада, локална самоуправа, и институциите кои ги обезбедуваат клучните услуги, како одбраната (армијата), полицијата, образовните и здравствените институции и тие за социјална заштита, како и комуналните претпријатија. Во истражувањето во 2021 г. додадена е Агенција за национална безбедност (Управа за безбедност и контраразузнавање), а тргнато е Специјалното јавно обвинителство.

Државни институции кои уживаат мнозинска и најголема доверба од граѓаните се Армијата на РСМ (60,8%), полицијата (58,8%), образовните институции (55,1%), Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (54,7%), комунални и други јавни претпријатија (54,3%) и здравството (52,5%). Индексот на доверба во државните институции е умерено зголемен.




*Графикон 5 - Доверба во државниот сектор*

Споредбено со 2018 г., државните институции кај кои може да се забележи најголем скок во довербата се: Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (24,4 пп), Државната комисија за спречување на корупција (22,8 пп) и Државната изборна комисија (16,2 пп). Зголемување на довербата има и кај судовите (10,9 пп) и јавното обвинителство (10,1 пп).

Умерено зголемување на довербата има во Собранието (7,8 пп) и локалната самоуправа (5,6 пп), додека пак незначителни промени има кај довербата во Претседателот, Владата и полицијата.

Иако испитаниците искажале најголема доверба во Армијата, споредбено со 2018 г. може да се забележи умерен пад на довербата во оваа институција (8,7 пп).

Во поглед на довербата на граѓаните во различни државни институции, значителни разлики се јавуваат меѓу етничките Македонци и етничките Албанци (табела 5). Генерално, етничките Албанци имаат поголема доверба во најголем број државни институции, а најголеми разлики можат да се забележат кај: Јавното обвинителство (24,5 пп), Државната комисија за спречување на корупција (21,2 пп) и Собранието (20,5 пп). И двете етнички групи имаат речиси исто ниво на доверба во здравството, образовните институции и комуналните и другите јавни претпријатија.

Врз довербата во институциите влијание имала и политичката определба на испитаниците. Од податоците во табела 5 може да се забележи дека симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ највисока доверба имаат во полицијата (68,3%), армијата (67,8%) и образовните институции (64,3%). Симпатизерите на СДСМ, најголема доверба и идентична доверба (76,9%) имаат во Претседателот, армијата и полицијата. Покрај високата доверба во полицијата (74,8%), симпатизерите на ДУИ имаат висока доверба и во Собранието (70,9%) и во Агенцијата за национална безбедност (70,9%). Највисоката регистрирана доверба е на симпатизерите на СДСМ во Претседателот (76,9%), додека пак најниската е на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во судовите (35,7%).

| Институции | Етн. Мак. | Етн. Алб. | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Доверба во институции | | | | |
| Претседател на РСМ | 45,8 | 62,3 | 43,7 | 76,9 | 67,0 |
| Собрание на РСМ | 36,1 | 56,6 | 40,2 | 61,5 | 70,9 |
| Влада на РСМ | 34,6 | 52,5 | 35,7 | 67,1 | 65,0 |
| Единици на локална самоуправа (општини) | 43,5 | 58,6 | 48,7 | 65,0 | 68,9 |
| Јавно обвинителство на РСМ | 29,6 | 54,1 | 36,7 | 51,0 | 67,0 |
| Судови | 29,8 | 50,8 | 35,7 | 50,3 | 65,0 |
| Армија на РСМ | 60,8 | 59,4 | 67,8 | 76,9 | 69,9 |
| Полиција | 57,9 | 62,3 | 68,3 | 76,9 | 74,8 |
| Агенција за национална безбедност | 46,1 | 62,3 | 56,3 | 68,5 | 70,9 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 33,7 | 54,9 | 42,2 | 58,7 | 64,1 |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 54,5 | 57,0 | 61,3 | 74,8 | 68,0 |
| Државна изборна комисија | 39,9 | 54,1 | 45,7 | 67,1 | 64,1 |
| Центри за социјална работа | 49,3 | 52,0 | 54,3 | 70,6 | 65,0 |
| Здравство | 52,7 | 52,9 | 59,3 | 73,4 | 65,0 |
| Образовни институции | 55,3 | 54,9 | 64,3 | 72,7 | 65,0 |
| Комунални и други јавни претпријатија | 54,9 | 54,5 | 63,8 | 73,4 | 64,1 |

*Табела 5 - Доверба во државните институции кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

Регионот каде што живеат испитаниците исто така влијаел на нивото на доверба во институциите. Во табелата 6 се дадени регионите со најниска или највисока доверба во одредена институција. Разликите во довербата меѓу одреден регион и национално се значителни, некаде поголеми и од 20 процентни поени, а и меѓу самите региони има значителни разлики. Жителите на Југоисточниот регионот имаат помала доверба во најголем дел од институциите за разлика од останатите региони, а по нив се жителите на Вардарскиот регион. Највисока регистрирана доверба е таа за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Вардарскиот регион (71,4%). Додека пак најниска регистрирана е довербата на жителите на Вардарскиот регион во судовите (12,9%).

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | |
|---|---|---|---|---|
| **Институција** | **Регион** | **%** | **Регион** | **%** |
| Претседател на РСМ | Полошки | 68,5 | Југоисточен | 36,7 |
| Собрание на РСМ | Полошки | 59,9 | Југоисточен | 24,4 |
| Влада на РСМ | Североисточен | 59,8 | Југоисточен | 23,3 |
| Единици на локална самоуправа (општини) | Полошки | 61,7 | Југоисточен | 37,8 |
| Јавно обвинителство на РСМ | Полошки | 54,9 | Вардарски | 14,3 |
| Судови | Североисточен | 52,4 | Вардарски | 12,9 |
| Армија на РСМ | Пелагониски | 72,1 | Скопски | 48,4 |
| Полиција | Југозападен | 71,3 | Југоисточен | 41,1 |
| Агенција за национална безбедност | Југозападен | 64,4 | Вардарски | 37,1 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | Североисточен | 56,1 | Вардарски | 21,4 |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Вардарски | 74,3 | Југоисточен | 43,3 |
| Државна изборна комисија | Североисточен | 56,1 | Скопски | 35,5 |
| Центри за социјална работа | Североисточен | 61,0 | Југоисточен | 38,9 |
| Здравство | Североисточен | 65,9 | Југоисточен | 30,0 |
| Образовни институции | Пелагониски | 69,4 | Југоисточен | 35,6 |
| Комунални и други јавни претпријатија | Југозападен | 70,3 | Југоисточен | 30,0 |

*Табела 6 - Највисока и најниска доверба во државни институции по региони (во %)*

## 3.2 Доверба во меѓународна заедница

Довербата кон меѓународната заедница е истражувана преку довербата во следните меѓународни организации и/ или сојузи: Европската Унија, Советот на Европа, Обединетите нации, НАТО и ОБСЕ. Довербата во меѓународната заедница во 2021 г. во споредба со 2018 г. бележи умерен пад. Голем пад може да се забележи во довербата во НАТО (за 11,7 пп) и ОБСЕ (за 11,9 пп). Индексот на доверба во меѓународната заедница е умерено намален.

Според податоците на графикон 5, најголема доверба испитаниците имаат во Европската Унија (57,2%) и Обединетите нации (54,4%). Најниска е довербата во НАТО (38,4%) и ОБСЕ (38,4%).




*Графикон 6 - Доверба во меѓународна заедница (%)*

Од аспект на возраста на испитаниците, забележително е дека младите на возраст од 18 до 29 години имаат поголема доверба во меѓународната заедница споредбено со испитаниците на возраст над 65 години. Па така, довербата кај младите се движи од 67,8% во Европската Унија до 35,2% во НАТО. Додека пак, кај испитаниците на возраст над 65 години, довербата се движи од 40,2% во Обединетите нации до 36,2% во ОБСЕ.

Гледано низ призмата на етничката припадност на испитаниците, етничките Албанци имаат значително поголема доверба во Европската Унија (72,5%) и Советот на Европа (72,5%). НАТО и ОБСЕ се меѓународни институции кои уживаат поголема доверба од етничките Македонци.

Симпатизерите на СДСМ најголема доверба имаат во Европската Унија (79,0%) и Обединетите нации (78,3%), а нешто пониска е нивната доверба во НАТО (68,5%) и ОБСЕ (66,4%). За разлика од нив довербата во меѓународните институции на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ е пониска и таа се движи од 53,8% во Европската Унија до 32,7% во НАТО. Симпатизерите на ДУИ (слично како и кај етничките Албанци) имаат висока доверба во Европската Унија, Советот на Европа и Обединетите нации, но ниска доверба во НАТО и ОБСЕ.

| **Меѓународни институции** | **Етнички Македонци** | **Етнички Албанци** | **ВМРО-ДПМНЕ** | **СДСМ** | **ДУИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Доверба во меѓународни институции** | | | | |
| Европска Унија | 52,4 | 72,5 | 53,8 | 79,0 | 80,6 |
| Совет на Европа | 47,8 | 72,5 | 50,8 | 76,9 | 85,4 |
| Обединети нации | 52,7 | 60,7 | 50,8 | 78,3 | 70,9 |
| НАТО | 42,0 | 27,0 | 32,7 | 68,5 | 21,4 |
| ОБСЕ | 41,6 | 28,7 | 36,2 | 66,4 | 26,2 |

*Табела 7 - Доверба во меѓународните институции кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

И регионот на живеење има влијание на довербата во меѓународната заедница. Од податоците преставени во табела 8, може да се забележи дека највисоката регистрирана доверба е онаа на жителите на Полошкиот регион во Европската Унија (74,7%). Додека пак, најниската регистрирана доверба е онаа на жителите не Североисточниот регион во НАТО (18,3%).

| Меѓународни институции | Југоисточен | Источен | Североисточен | Вардарски | Југозападен | Полошки | Пелагониски |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Доверба во меѓународни институции | | | | | | |
| Европска Унија | 34,4 | 57,5 | 68,3 | 52,9 | 63,4 | 74,7 | 46,8 |
| Совет на Европа | 32,2 | 56,3 | 63,4 | 51,4 | 57,4 | 74,1 | 43,2 |
| Обединети нации | 47,8 | 55,2 | 61,0 | 55,7 | 59,4 | 64,8 | 55,0 |
| НАТО | 38,9 | 46,0 | 18,3 | 55,7 | 40,6 | 31,5 | 48,6 |
| ОБСЕ | 35,6 | 46,0 | 28,0 | 52,9 | 38,6 | 28,4 | 48,6 |

*Табела 8 - Доверба во ОН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ и Советот на Европа по региони во 2021 г. (во %)*

# 4. Доверба во професии

Во однос на професиите, највисока, односно мнозинска доверба уживаат наставниците и професорите (64,7%), а по нив се лекарите (63,9%) и свештениците, верските лица (63,4%). Испитаниците, најниска доверба имаат во судиите (44,8%) и цариниците (49,3%).




*Графикон 7 - Доверба во професии (%)*

Разлики во однос на довербата во професиите може да се воочат кај различните возрасни групи на испитаниците. Па така, испитаниците на возраст од 18 до 29 години имаат значително поголема доверба во државните службеници, судиите, цариниците и полицајците во споредба со испитаниците кои имаат над 65 години.

Поголеми разлики во довербата кај некои професии се јавуваат и по етничка припадност, каде етничките Албанци имаат значително поголема доверба во државните службеници, судиите, цариниците и полицајците (табела 9). Најзабележлива е разликата во довербата во судиите, каде довербата на етничките Албанци е поголема за 30,8 пп во споредба со довербата на етничките Македонци. Двете етнички групи имаат идентична доверба во свештените и верските лица, а таа изнесува 63,9%.

Разлики во одговорите на испитаниците можат да се забележат и во однос на симпатизерството на политичките партии. Според податоците во табела 9, највисоката регистрирана доверба е онаа во симпатизерите на ДУИ во државните службеници (85,4%) и цариниците (85,4%). Додека пак, најниската регистрирана доверба е на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во судиите (41,7%).

| Професии | Етнички Македонци | Етнички Албанци | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Доверба во професии | | | | |
| Државни службеници | 48,3 | 74,6 | 51,3 | 79,0 | 85,4 |
| Судии | 37,2 | 68,0 | 41,7 | 65,7 | 78,6 |
| Цариници | 43,7 | 68,4 | 52,8 | 74,8 | 85,4 |
| Полицајци | 56,0 | 66,8 | 67,8 | 80,4 | 80,6 |
| Наставници, професори | 64,5 | 66,4 | 73,9 | 85,3 | 74,8 |
| Лекари | 63,9 | 65,6 | 70,9 | 83,2 | 81,6 |
| Свештеници, верски лица | 63,9 | 63,9 | 72,9 | 83,2 | 74,8 |
| Деловни, бизнис-консултанти | 54,8 | 56,6 | 64,8 | 74,1 | 67,0 |

*Табела 9 - Доверба во професиите кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

# 5. Заклучоци

### Општата доверба во луѓето е мнозинска

Мнозинство од граѓаните имаат доверба во луѓето (59,0%). Довербата е поголема кон познатите, односно соседите (66,5%) и колегите на работа (56,2%), наспроти непознатите (24,9%). Големо мнозинство од граѓаните сметаат дека треба да се биде внимателен со другите луѓе (85,4%) бидејќи тие може да те искористат.

### Умерено зголемена доверба во институциите

Довербата во институциите е умерено зголемена во однос на 2018 г., а индексот на доверба изнесува 49,4. Граѓаните во 2021 г. најголема, односно мнозинска доверба имале во банките и финансиските институции (58,4%), приватниот (бизнис/деловен) сектор (53,8%), граѓанското општество (НВО, синдикати, цркви) (51,6%) и медиумите (52,9%). Додека пак, најниска доверба граѓаните изразиле кон политичките партии (36,2%).

### Умерен раст во довербата во државниот сектор

Довербата во институциите е умерено зголемена во однос на 2018 г., а индексот на доверба изнесува 46,2. Државни институции кои уживаат мнозинска и најголема доверба од граѓаните се Армијата на РСМ (60,8%), полицијата (58,8%), образовните институции (55,1%), Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (54,7%), комунални и други јавни претпријатија (54,3%) и здравството (52,5%).

### Намалена доверба во меѓународната заедница

Довербата во меѓународната заедница во 2021 г. во споредба со 2018 г. бележи умерен пад (пад на индексот од 52,5 на 48,4). Најголема доверба испитаниците имаат во Европската Унија (57,2%) и Обединетите нации (54,4%). Најниска е довербата во НАТО (38,4%).

### Најголема доверба во професорите, лекарите и свештениците

Во однос на професиите, највисока, односно мнозинска доверба уживаат наставниците и професорите (64,7%), а по нив се лекарите (63,9%) и свештениците, верските лица (63,4%). Испитаниците, најниска доверба имаат во судиите (44,8%) и цариниците (49,3%).

# Прилог 1. Прашалник

## 1.1. Доверба

П 1. (д 1) Општо земено, дали може да им се верува на повеќето од луѓето или треба да се биде многу внимателен со нив?

1 - Може да им се верува на повеќето од луѓето
2 - Треба да се биде многу внимателен
99 - Не знам (НЗ) (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (БО) (НЕ ЧИТАЈ)

П 1.1 Дали сметате дека луѓето воопшто би ве искористиле или дека ќе се обидат да бидат чесни кон вас?

| | Повеќето луѓе би се обиделе да ме искористат | | | | | Повеќе луѓе би се обиделе да постапат чесно | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| П 1.1 Дали сметате дека луѓето воопшто би ве искористиле или дека ќе се обидат да бидат чесни кон вас? | | | | | | | | | | |

П 2. Колку доверба имате:

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо во луѓето | | | | | | |
| Во соседите | | | | | | |
| Во колегите на работа | | | | | | |
| Во непознати (туѓинци) | | | | | | |
| Во земјаци (сограѓани) | | | | | | |

П 3. Колку доверба имате во секој од следниве сектори?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавниот сектор (државата) | | | | | | |
| Приватниот (бизнис/деловен) сектор | | | | | | |
| Граѓанско општество (НВО, синдикати, цркви) | | | | | | |
| Политичките партии | | | | | | |
| Медиумите | | | | | | |
| Меѓународната заедница | | | | | | |
| Банки и финансиски институции | | | | | | |

П 4. Наведете колку доверба имате во секоја од следниве институции/организации:

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | | | | | | |
| Собрание на Република Македонија | | | | | | |
| Влада на Република Македонија | | | | | | |
| Единици на локална самоуправа (општини) | | | | | | |
| Јавно обвинителство на РМ | | | | | | |
| Судови | | | | | | |
| Армија на Република Македонија (АРМ) | | | | | | |
| Полиција | | | | | | |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | | | | | | |
| Специјално јавно обвинителство | | | | | | |

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Совет за радиодифузија) | | | | | | |
| Државна изборна комисија | | | | | | |
| Граѓански организации (невладини, здруженија и фондации) | | | | | | |
| Цркви и верски заедници | | | | | | |
| Синдикати | | | | | | |
| Стопански комори | | | | | | |
| Организации на работодавачи | | | | | | |
| Неформални групи (здружувања) граѓани | | | | | | |

П 5. Наведете колку доверба имате во поединечните институции од меѓународната заедница?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | | | | | | |
| Совет на Европа | | | | | | |
| Обединети Нации | | | | | | |
| НАТО | | | | | | |
| ОБСЕ (Организација за безбедност и соработка во Европа) | | | | | | |

П 6,1. Наведете колку доверба имате во секоја од наведените професии?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Државни службеници | | | | | | |
| Судии | | | | | | |
| Цариници | | | | | | |
| Полицајци | | | | | | |
| Наставници, професори | | | | | | |
| Лекари | | | | | | |
| Свештеници, верски лица | | | | | | |
| Деловни, бизнис-консултанти | | | | | | |

# Прилог 2. Структура на примерокот

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 49,7 |
| Жена | 50,1 |
| Не сака да одговори | 0,2 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 | 22,5 |
| 30-39 | 20,6 |
| 40-49 | 19,0 |
| 50-64 | 20,2 |
| 65+ | 17,8 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 70,7 |
| Албанец/ка | 24,2 |
| Турчин/ка | 1,8 |
| Ром/ка | 2,0 |
| Србин/ка | 0,6 |
| Бошњак/чка | 0,4 |
| Друго | 0,1 |
| Не сака да одговори | 0,2 |
| **Религиска припадност** | **%** |
| Православна | 63,1 |
| Исламска | 27,9 |
| Католичка | 8,5 |
| Друга | 0,3 |
| Не сака да одговори | 0,2 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 82,6 |
| Нерелигиозна личност | 13,1 |
| Атеист | 0,5 |
| Не сака да одговори | 3,8 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 19,8 |
| Вработен во приватен сектор | 26,4 |
| Вработен во граѓански сектор | 3,0 |
| Студент | 6,0 |
| Ангаржиран/а во домашни обврски | 5,6 |
| Невработен | 16,2 |
| Пензионер | 18,1 |
| Земјоделец | 3,0 |
| Друго | 0,5 |
| Не сака да одговори | 1,6 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 2,7 |
| Повисока средна класа | 25,1 |
| Пониска средна класа | 37,5 |
| Работничка класа | 25,1 |
| Пониска класа | 7,3 |
| Не знам | 0,5 |
| Без одговор | 1,7 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 2,0 |
| Основно | 14,9 |
| Средно | 57,4 |
| Вишо, високо | 23,5 |
| Магистерски студии | 2,2 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 34,4 |
| Урбано (град) | 38,0 |
| Скопје | 27,6 |
| **Месечни приходи** | **%** |
| 1 - 6000 ден. | 1,0 |
| 6001 – 9000 ден. | 2,5 |
| 9001 – 12.000 ден. | 6,7 |
| 12.001 – 15.000 ден. | 11,9 |
| 15.001 – 18.000 ден. | 8,7 |
| 18.001 – 24.000 ден. | 13,3 |
| 24.001 – 30.000 ден. | 11,2 |
| 30.001 – 40.000 ден. | 7,5 |
| 40.001 – 50.000 ден. | 12,8 |
| 50.001 – 60.000 ден. | 7,1 |
| 60.000+ ден. | 4,1 |
| Не знае | 2,1 |
| Одбива да одговори | 11,1 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| 1 - Лево | 6,6 |
| 2 | 5,6 |
| 3 | 9,6 |
| 4 | 14,9 |
| 5 | 19,4 |
| 6 | 10,6 |
| 7 | 7,3 |
| 8 | 3,6 |
| 9 | 1,0 |
| 10 - Десно | 4,4 |
| Не знае | 7,0 |
| Без одговор | 10,1 |
| **Симпатизер на политичка партија** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 19,8 |
| СДСМ | 14,2 |
| ДУИ | 10,2 |
| Други | 15,5 |
| Не сум симпатизер на политичка партија | 36,3 |
| Не знае /Без одговор | 4,0 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 30,2 |
| Југоисточен | 8,9 |
| Источен | 8,6 |
| Североисточен | 8,1 |
| Вардарски | 7,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 16,1 |
| Пелагониски | 11,0 |

# Профил на издавачот

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) речиси 29 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството.

Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми.

МЦМС дејствува во секторите на развој на граѓанското општество, добро владеење (антикорупција), социјална инклузија (реинтеграција и рехабилитација на ранливи категории граѓани, недискриминација и деполаризација), евроинтеграции, итни општествени предизвици и зелена агенда. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 1.690 проекти со вкупен буџет од над 65,5 милиони евра.

# Продолжи со читање


Димова, Наташа (2022) „Толеранција и вредности на граѓаните",- https://mcms.mk/images/docs/2022/tolerancija-i-vrednosti-na-graganite.pdf

Чаушоска, Јасмина, (2022) „Општествена одговорност на граѓаните 2021"**,-** https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/2416-opshtestvenaodgovornost-na-gragjanite-2021.html

Јаковлеска, Гонце, Кржаловски, Александар, Клековски, Сашо, Чилевалиев, Стефан, Михаиловска, Јасмина (2018) – „АГРУМЕНТИ – Збирка истражувања на важни општествени теми" - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/listana-istrazuvana-i-publikacii/2038-agrumenti--zbirka-istrazhuvanja-na-vazhni-opshtestvenitemi.html

Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце, Кржаловски, Александар, Клековски, Сашо (2018)- „АГРУМЕНТИ 2 – Збирка истражувања на важни општествени теми" - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2141-agrumenti-ii--zbirka-istrazhuvanja-na-vazhni-opshtestveni-temi.html

Кржаловски, Александар (2013) „Доверба во луѓето и во институциите-2013"- https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1449-doverba-vo-lugjeto-i-voinstituciite-2013.html

Нурединоска, Емина, Кржаловски, Александар, Стојанова, Даниела (2013) „Довербата во граѓанското општество 2013" - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-ipublikacii/1436-doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2013.html

Клековски, Сашо, Нурединоска, Емина, Стојанова, Даниела (2011) „Довербата во Македонија" - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1011-doverbata-vo-makedonija-2011.html